# ССНМ и ЗНМ ја осудуваат серијата откази во Клип медиа груп

15/09/2023 14:15

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници (ССНМ) и Здружението на новинари Македонија (ЗНМ) со огорченост ја примија веста за тековната постапка на отпуштања во една од најголемите медиумски групации во Македонија, Клип медиа груп особено што најголем дел од н се спроведуваат без никаква основа, со непочитување на основните работнички права и со нарушување на повеќе членови од Законот за работни односи.

ССНМ и ЗНМ ја алармираат јавноста, државните органи и пред се, медиумската популација за чин кој е нехуман, нечовечки и потсетуваат дека истиот тргна со принуда и со понижувачки понуди за

Отпуштањата по кратка постапка во неколкуте релевантни медиуми (Макфакс, Репортер, УСБ, То Спорт) ќе ги стави колегите и колешките новинари и медиумски работници во крајно неповолна положба и ќе ги усложни состојбите во оваа професија и тоа во ситуација кога во земјава има недостаток на кадар за медиумите. Предупредуваме дека ова ќе се одрази и на интересот на мла да се занимаваат со новинарство, камера, монтажа и се што е неопходно за функционирање на медиумите.

Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Здружението на новинари на Македонија не ја спорат определбата на сопствениците да реструктуираат и да ги трансформира своите изданија, но предупредуваат дека тоа мора да оди по строго утврдени правила и критери и согласно законите. Во исто време ваквите итни постапки и групни отпуштања создаваат лоша клима во медиумската сфера и ќе остават последици за сите, па и за споменатите медиуми одно нивните сопственици.

Оваа постапка на раководството на Клип медиа груп е во спротивност на стратешките определби ССНМ и ЗНМ кои за цел имаат ваквиот начин на неиздржано менување на персоналот по брза постапка да биде засекогаш искоренет во земјава. Од тие причини двете организации се со целос поддршка за колегите, а ним, на располагање ќе им бидат ставени сите ресурси што ги имаат Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници и Здружението на новинари на Македонија.

ЗНМ | КЛИП МЕДИА ГРУП | ССНМ

**СПОДЕЛИ**

## СЛИЧНИ СОДРЖИНИ

FACEBOOK TWITTER INSTAGRAM

Импресум Маркетинг За нас

© Авторски права 2023 - Сите права се задржани. Дизајн & Хостинг